**ВТОРА ГРУПА** (**вежба: игра на помнење со поставување на прашања**)

## Како се изработувал антички мозаик?



1. На подот или ѕидот каде што се изработувал мозаикот се нанесува подлога - тенок слој на цемент (малтер).

2. Мозаичарот го работел мозаикот дел по дел бидејќи коцките морале да се залепат на подлогата пред цементот да се исуши и зацврсти.

3. Уметникот со зашилен предмет, некое перо или шилеста прачка, ги цртал шарите додека цементот е влажен.



4. Потоа ги втиснувал обоените коцки врз цементот постепено сложувајќи ја шарата. Имено, мозаичарот за да ја сложи шарата користел обоени коцки кои биле сместени во вреќички. Во секоја вреќичка поединечно коцките биле во различна боја, сина, жолта, црвена, зелена, кафеава и др.

5. Средишниот дел од мозаикот најчесто го оставал како последен затоа што имал посложена шара за сложување.



6. Посложената шара за средишниот дел од мозаикот се изработувала на парче ткаенина. Колку се поситни камчињата, толку е поквалитетен мозаикот.

7. Мозаичарот во средишниот дел од мозаикот ја поставувал ткаенината со исцртаната шара, а потоа ја отстранувал, така што можела да се види сликата пресликана на цементот. Потоа во цементот ги стискал шарените коцки.

8. На крајот од работата ги пополнувал празнините помеѓу коцките со ситен песок.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

## ТЕХНИКА: ПАУЗА ЗА РАЗЈАСНУВАЊЕ

Наставникот може да ја работи содржината со техника **пауза за разјаснување**. Целта на оваа техника е да се поттикне *активно слушање* кај учениците.

Во тек на читањето на содржината и на дефинирањето на планот, наставникот треба да застане, да почека да се создаде тишина за време на наставата (пауза). Потоа, треба да постави прашање *Дали на некого му е потребно разјаснување?*.

За време на паузата, наставникот може да се движи низ училница, да разгледува забелешки на ученици, да одговара на нивни прашања итн.
Учениците кои ретко поставуваат прашања пред одделението сега имаат можност да постават заради разјаснување на содржините.

## ТЕХНИКА: ИГРА НА ПОМНЕЊЕ (МНЕМОНИЧКА ИГРА)

Содржината може да се обработи и усвои на следниот начин:
Наставникот ја дели содржината од првата група во неколку пасуси за читање. Ги организира учениците во две групи. Ученик од првата група го чита текстот од првиот пасус од содржината, а потоа учениците од првата група им поставуваат прашања на нивните соученици од втората група. Наставникот сам го избира ученикот од прва група што сака да постави му прашање на ученикот од втора група. Ученикот избира соученик од втората група за да му одговори на поставеното прашање. Доколку не знае, избира некој друг од втората група. Ако и третиот избран ученик не знае да го одговори прашањето, тогаш ученикот што поставувал прашање го дава целосно одговорот.

Откако ќе се исцрпат сите значајни прашања од првиот пасус, друг ученик од првата група по избор на наставникот го чита следниот пасус. Редоследот продолжува сѐ до обработка на содржината на текстот од првата група.

Потоа, играта на помнење со поставување на прашања продолжува кај втората група. Учениците од втората група читаат определени пасуси од текстот и поставуваат прашања на нивните соученици од првата група. Се црпат сите прашања поврзани со содржината од втората група сѐ додека не бидат усвоени позначајните точки.

**Прашања за поставување**
1. На каква подлога се изработува мозаикот?
2. Како мозаичарот го изработувал мозаикот?
3. Со каков предмет мозаичарот ги исцртувал шарите на ликовната тема?
4. Каде се чувале камчињата и од кои материјали биле изработувани?
5. Во кој дел од мозаикот се наоѓа посложената шара?
6. На кој начин се изработувала посложената шара на мозаикот?
7. Од што зависи квалитетот на мозаикот?
8. Зошто ткаенината се положувала врз среднишниот дел од мозаикот?
9. Со што се пополнувале празнините помеѓу камчињата на крајот од работата?
10. На каков малтер се ределе камчињата во мозаикот?

*Содржината ја изготвила: проф. Сузе Вељановска*
*Содржината ја изменил и упатството го додал: проф. Ненад Начковски*

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND
Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND